РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„ПАВЕЛ ШАТЕВ“

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“ ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, април 2020 година

**СОДРЖИНА**

I. ПРЕДГОВОР ..... 3
II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ ..... 3
1. Законска рамка и стратешки насоки ..... 3
2. Просторни капацитети ..... 6
3. Внатрешна организација и човечки ресурси ..... 8
4. Почетна обука ..... 8
5. Континуирана обука ..... 9
6. Соработка со домашни и странски партнери ..... 12
7. Информатички технологии (IT) ..... 23
8. Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата ..... 24
9. Библиотека ..... 24
10. Буџет и инвестиции ..... 25

## I. ПРЕДГОВОР

Со оглед на глобалната „криза“ која настана како последица на пандемијата предизвикана од COVID 19, сите предвидени активности на Академијата за 2020 година се одложија или реорганизираа. Академијата во соработка со своите домашни и странски партнери во континиутет изнаоѓа модуси и решенија сè со цел да се реализираат поголем дел од активностите. Во моментот на изготвување на Програмата, во фокусот на Академијата е онлајн-концептот на реализирање настани. Имено, Академијата во соработка со своите домашни и странски партнери сите настани за кои постои таква можност, ќе ги реализира онлајн, преку Интернет-комуникација. Истовремено, по финализирањето на постапката за прием на новата генерација слушатели, Академијата ќе направи сè што е во рамките на нејзините можности да се оствари безбеден процес на теоретска настава.

на стратешката цел на Академијата – да обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и на јавнообвинителска функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и во јавното обвинителство. Развојот на стратегиите преку планираните активности ќе продолжи да се следи и остварува и во 2020 година, а ќе се води сметка нивната реализација да се одвива во согласност со современите меѓународни принципи и стандарди, истовремено усогласени со потребите на националните судии и на јавните обвинители.

## II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ

### 1. Законска рамка и стратешки насоки

Во тековната 2020 година се очекува да се усвои нов Закон за Академијата за судии и јавни обвинители кој во моменот на изготвување на Програмата е сè уште во Собраниска процедура.

Управниот одбор на Академијата ќе работи на усогласувањето на подзаконските акти-правилници со кои се регулира внатрешната организација и начинот на вршење на дејноста на Академијата (почетната, континуираната обука и други прашања), а посебен акцент ќе биде ставен на усогласувањето на актите кои се однесуваат на почетната обука, од причина што сè уште не е донесен новиот закон, а шестата генерација која треба да започне со теоретскиот дел од обуката ќе ја следи обуката во согласност со стариот закон.

Академијата за судии и јавни обвинители (во понатамошниот текст АСЈО), и во наредниот период посветено ќе работи на имплементација на стратешките цели и насоки кои се предвидени во Стратегијата, преку реализација на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, кои се поврзани со дејноста на Академијата:

- Зајакнување на системот на континуирана едукација на судиите, судските соработници, јавните обвинители и нивните соработници.

- Подготовка на судиите и јавните обвинители за нивно функционирање во единствениот европски простор на правда и за доследна примена на Европската конвенција за човековите права и на другите меѓународни конвенции за човековите слободи и права.

- Изедначување на судската пракса преку зголемен обем на обуки на судиите во рамките на АСЈО за анализа на објавените судски одлуки.

- Редовни обуки на судиите и јавните обвинители заради правилно толкување и имплементација на нови закони или измени и дополнувања на законите, по нивното донесување.

- Утврдување мерливи и објективни критериуми за проценка на знаењата како во теоретската така и во практичната настава.

-Редефинирање на програмите и методите за изведувањето на обуките за почетната обука и за континуираната обука на судиите и јавните обвинители како и за стручните соработници во судовите и обвинителствата.

-Кадровско и техничко доекипирање на АСЈО проследено со обезбедување соодветни просторни услови.

- Спроведување опсежна анализа на потребите за обуки на целните групи. За реализација на оваа цел, во текот на месец април 2018 година, а потоа и во месец февруари 2019 година Академијата со допис се обрати до судовите, обвинителствата, до судскиот и обвинителскиот совет и до бројни институции, организации, комори, невладини организации со кои соработува, со барање да достават предлог-теми коишто се актуелни, и за кои тие сметаат дека целните групи ќе имаат најголем интерес и потреба. Доставените предлози се сумирани во еден документ и претставуваат основа за подготовка на програмите за обука, а потоа и на годишните каталози за обуки.

- Во делот за буџетското и финансиското управување во правосудните институции – имплементација на мерката за зајакнување на капацитетите за буџетско планирање и финансиско управување преку континуирани обуки во рамките на АСЈО.

-Зајакнување на капацитетите на правосудниот сектор за односи со јавноста преку обуки на лицата за односи со јавност;

-Функционален систем на пробација и други алтернативни мерки преку обуки на судии што судат кривична материја во областа на алтернативните мерки и пробацијата.

-Градење култура и свест за сопствена лична и институционална одговорност во работата на судството и обвинителството преку континуирани обуки за етичко однесување во рамките на АСЈО.

-Врз база на потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество, Министерството за правда и Академијата, еден од приоритетите и во наредниот период продолжува да биде организација на обуки за имплементација на Законот за општата управна постапка во насока на зајакнување на капацитетите на јавната администрација и управното правосудство за нивна соодветна

примена. Активностите подразбираат реализација на обуките во согласност со веќе изработениот курикулум на теми поврзани со Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови, организација и спроведување на обуките кои се наменети за административните службеници вработени во органите на државната управа кои одлучуваат во управна постапка во прв степен, за вработените во органите на државната управа кои одлучуваат во управна постапка во втор степен, како и за судиите, советниците и судските соработници на Вишиот управен суд и Управниот суд. Обука на судиите и судските соработници на Вишиот управен суд и на Управниот суд за соодветна имплементација на новиот Закон за управните спорови; Јакнење на капацитетите на јавните органи сами да ја бранат законитоста на решенијата во управните спорови, со обуки на службените лица за учество во управните спорови и во рамките на АСЈО. Изедначување на судската практика при решавање на спорови од управни договори преку специфични обуки на судиите на управното судство, спроведени од страна на домашни и меѓународни експерти за различни видови управни договори и од искусни управни судии кои во други држави судат ваков вид спорови.

- Редовни обуки на судиите за примена на практиката на ЕСЧП и извршување на пресудите на ЕСЧП.

- Зајакнување на капацитетите на правосудниот сектор и на другите надлежни органи вклучени во системот за правда за децата преку обуки во рамки на Академијата, за соодветна имплементација на Законот за правда за децата со применет интердисциплинарен пристап.

-Јакнење на капацитетите на правосудниот сектор за меѓународна соработка во кривична и граѓанска материја преку обуки во рамките на Академијата.

- Продолжување на соработка со граѓански организации, домашни и странски, кои работат во областа на правосудството, посебно со оние во чии фокус се човековите права и слободи.

- Обуки за обучувачи, наменети за предавачите во почетна и континуирана обука со фокус на начелата за учење на возрасни; методи, техники и алатки за правилно осмислување и спроведување на обуките, за да се обезбеди ефикасен процес на едукација; подготовка на курикулум за обуките и последователните активности по завршената обука како подготовка на прашалник за постевалуација односно оцена на ефектот од спроведената обука.

- Унапредување на квалитетот на обуките преку акцентирање на практичните аспекти вклучително и анализа на објавените судски одлуки кои би биле од значење за изедначување на судската пракса во согласност со европските стандарди како и компаративен приказ на судската пракса на земјите во регионот; стимулирање на меѓународната размена на искуства, користење на практиката на ЕСЧП, како и доследно толкување и примена на правото на ЕУ. Република Северна Македонија е земја кандидат, но не и членка на ЕУ па оттука хармонизација што подразбира усогласување на националното право со еворпското Aquis претставува сложен процес. Затоа, Академијата обрнува посебно внимание при креирањето на своите програми да ги

опфати актуелностите во областа на правот на ЕУ, а сè со цел судиите и јавните обвинители да имаат познавања и вештини за справување со предизвиците кои ќе ги донесе нашате членство во ЕУ.

- Поттикнување на е-учење помеѓу целните групи преку развој на модули и алатки за е-учење и вклчување на учеството во е-модули во задолжителната континуирана обука, преку новата електронска платформа за учење на далечина на Академијата, која нуди многу можности како што се: логирање на сите корисници со свои посебни акаунти, прегледи за поминати денови обука, поголем број на интерактивни содржни кои ќе содржат и тестови за проверка на знаењата за кои ќе се доделуваат и сертификати. *Со оглед дека новонастанатата ситуација го наметнува учењето на далечина како единствена алатка за ефикасно спроведување на обуки и едукативни настани, Академијата акцентот на својот делокруг го стави токму на користење на сите расположливи алатки од новата платформа.*

- Изработка на соодветни прирачници и други материјали за обука на целните групи вклучително и, собирање и анализа на домашната, странската и меѓународната јуриспруденција, на применети научни трудови и други корисни публикации.

- Во согласност со законската обврска, Академијата ќе ја обнови постојната база на прашања и студии на случај заради успешно спроведување на приемниот испит за упис на осмата генерација слушатели на Програмата за почетна обука, која е резултат на новиот број добиен од двата Совети.

## 2. Просторни капацитети

Во согласност со стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година е нотирано дека влезот во судството преку Академијата е едно од најзначајните прашања во контекст на реформата на правосудниот сектор. Кадровско и техничко доекипирање на Акдемијата проследено со обезбедување на соодветни просторни услови е стратешка цел и насока чија реализација е од особена важност за ефикасно функционирање на Академијата. Во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за 2017-2022 година, за реализација на оваа стратешка цел е предвидена мерката „Изградба на нови просторни услови“ која би требало да се реализира континуирано од почетокот на 2019 до 2022 година.

Просторните капацитети во кои е сместена Академијата се покажаа како несоодветни, неадекватни и недоволни за реализација на нејзите цели и задачи, заради што во изминатите години Академијата се залагаше за решавање на овој проблем во рамките на соработка со правосудните институции и Министерството за правда.

Проблемот беше особено изразен во 2017 година со оглед дека 37 кандидати од VI генерација слушатели на почетна обука ја следеа теоретската настава во конференциската сала со капацитет за 32 учесници, а континуираната обука се одржуваше во помалата конференциска сала со капацитет за 25 учесници поради што

Академијата беше принудена да бара сали за одржување на советувањата, во судовите и во обвинителствата во Скопје. Се очекува состојбата да се влоши  уште повеќе, со оглед на тоа дека за оваа година е планиран прием на побројна група слушатели во Академијата (со цел да одговори на барањата на Советот на јавните обвинители на РСМ и на Судскиот совет на РСМ за прием во почетна обука на потребниот број кандидати за пополнување на слободните јавнообвинителски и судиски места), за која би се окупирале двете конференциски сали во периодот од девет месеци, колку што трае теоретската обука во Академијата. Тоа значи дека Академијата ќе се соочи со големи тешкотии за организирање на континуираната обука која исто така претставува дел од дејноста на институцијата, а за што ќе треба да се изнајдат привремени решенија за излез од состојбата.

Динамиката на предвидените активности во рамките на континуираната и на почетната обука, бројот и типот на настаните, користената методологија, бараат адекватни простории, пред сè заради нивна поуспешна и поквалитетна реализација. Надминувањето на проблемот со неадекватните просторни услови е од исклучителна важност и не трпи одлагање.

Со постоечките просторни капацитети Академијата не е во состојба да ја оствари законската обврска за прием на бараниот број слушатели на новата генерација во почетна обука, определен со Одлуките на ССРСМ и СЈОРСМ да следат настава во една група, што ја нагласува ургентноста на потребата од изградба на нова зграда која би имала соодветен простор и капацитет за непречено реализирање на основната дејност на Академијата – спроведување на почетна обука за слушатели за идни судии и јавни обвинители и континуирана обука за веќе избраните судии и јавни обвинители.

Имено, во законски предвидениот рок до 31 март 2019 година двата совета доставија одлуки за 120 слободни јавнообвинителски и судиски места до Академијата, за академската 2019-2020 година, Ова подразбира дека Академијата мора да создаде услови и можности за 120 слушатели на програмата за почетна обука.

И покрај фактичката состојба со која се соочува Академијата, а за која алармира веќе подолог временски период, Академијата ќе ги направи сите напори да излезе во пресрет на барањата на советите и да ја реализира програмата за почетна обука, секако, во согласност со своите моментални можности, а истовремено ќе работи на изнаоѓање побрзо и поефикасно решение на постоечкиот проблем.

Дополнителен проблем претставува и недостигот од простории за изведување на вежби во судница, за работа во помали групи, недоволниот простор за библиотека која треба да биде придружена со простор за учење што е предвидено во новата градба во иднина. Академијата е во фаза на изнаоѓање соодветни простории кои ќе одговорат на потребите и барањата, но исто така, во координација со релевантни институции Академијата се обидува да обезбеди и финансиска поддршка, како и изготвување на развоен и оддржлив план со кој ќе се постигнат зацртаните цели.

### 3. Внатрешна организација и човечки ресурси

Во текот на 2020 година, Академијата ќе продолжи како и досега да ги почитува законските обврски произлезени од Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, поврзани со човечките ресурси.

Кадровското доекипирање е исто така стратешка цел чија реализација е од особена важност за ефикасно функционирање на Академијата. Академијата години наназад постојано се соочува со одлив на стручни кадри и со неможност за вработување на нови. Недостигот од човечки ресурси е утврден и во препораките на Извештајот од Мисијата за оцена на ТАИЕКС, спроведена во Академијата за судии и јавни обвинители, во периодот од 23 до 26 април, 2018 година и во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за 2017-2022 година, во која е наведено дека е потребно кадровско (и техничко) доекипирање на Академијата. За реализација на оваа стратешка цел е предвидена мерката „Вработување на стручен кадар, формирање на нови соодветни организациони единици“, во чии рамки беа пополнети 5 упразнети работни места, а предвидено е пополнување на уште 2 упразнети места од кои едното е во одделенито за Информатичка техонлогија коешто е посебно важно за непречено фукнционирање на Академијата. Освен во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, потребата од јакнење на капацитетите на Академијата, особено подобрувањето на буџетот и автономијата на Академијата е истакната и во Планот на активности за реализација на итните реформски приоритети.

Во согласност со усвоениот Колективен договор од 2019 година Академијата и во 2020 година ќе продолжи да се залага за поголеми бенифити на вработените во насока на нивна стимулација имајќи го предвид фактот дека за тековната 2020 година, како и досега, нема да можат да се реализираат предвидените унапредувања.

И во 2020 година важен сегмент ќе преставува надградувањето на вештините на вработените во Академијата. Вработените ќе продолжат и со учество на обуки преку системот за управување со учење, кој го имплементира Министерството за информатичко општество и администрација, заради развојот на општите и на посебните работни компетенции на административните службеници.

Раководните органи и стручната служба ќе продолжат со извршување на обврските што произлегуваат од членството во одделни работни групи за спроведување на планираните активности за 2020 година.

### 4. Почетна обука

Академијата интензивно ќе работи на создавање услови за отпочнување на теоретската настава за 7. генерација слушатели во почетната обука. Имено, управната

постапка во рамки на Академијата заврши во 2019 година, а во 2020 година ќе бидат вложени сите капацитети на Академијата заради поефикасно и побрзо завршување на започнатата управно-судска постапка.

Во делот на унапредување на почетната обука, стратешките развојни правци се движат кон унапредување на методологијата на предавачите при што ќе се користи експертиза на странски предавачи и експерти, унапредување на практичниот пристап преку интензивни обуки за правна аргументација на процесните одлуки и особено развој на реторичките вештини и за аргументирање во воведните и завршните говори, особено за слушателите за обвинители. Истовремено, предвидена е и реализација на обуки за предавачи, посебно за новите предавачи кои ќе се најдат на листата за 2020 година. Но исто така предвидено и збогатување на програмите за почетна обука со нови теми и нови содржини на постојните предмети.

Во насока на целосно одговарање на потребите за доекипирање на првосудството, а во согласност со член 56 од Законот за Академијата и со доставените Одлуки на Советите за утврдени слободни 50 судиски и 42 јавнообвинтелски слободни места, Академијата ќе организра приемен испит за 7. генерација слушатели во почетната обука.

## 5. Континуирана обука

Континуираната обука е најопсежниот сегмент од работењето на Академијата и опфаќа целни групи во трите главни програми за обука, и тоа: општата програма за задолжителна континуирана обука, специјализираната програма за задолжителна континуирана обука и специјализираната програма за доброволна континуирана обука. Со оглед на тоа што поголемиот број завршени кандидати од 6. генерација на Академијата се избрани во текот на 2019 година, по завршениот целосен нивен избор во 2020 година Академијата е должна да организира реализација на специјализирана обука за новоизбраните судии и јавни обвинители. Исто така, во 2020 година Академијата ќе реализира специјализирана обука за новоизбраните судии во Управниот суд.

Основна обврска за Академијата во 2020 година, како и досега, претставува реализацијата на Планот на обуки за 2020 година, кој е изготвен врз основа на спроведената и сеопфатна пишана методологија за оцена на актуелните потреби за обука, во тесна соработка со претседателите на судовите, на јавните обвинители на јавните обвинителства, со ССРСМ и СЈОРСМ, со цел да се креираат програми кои ќе одговорат на потребите на потесно определени целни групи, како од аспект на правните подрачја и теми што ќе бидат опфатени со програмите, така и од аспект на методологија на обучување, со тоа што стекнатите знаења и вештини ќе бидат применливи во секојдневното извршување на работните обврски и практицирање. При креирањето на Планот на обуки се земаат предвид и обврските кои произлегуваат од Функционалната анализа која беше изготвена од страна на Центарот за правни истражувања и анализа со

поддршка на Амбасадата на Велика Британија, од НПАА, од Извештајот на ЕК за напредокот на РСМ и од обврските што произлегуваат од извештаите на другите меѓународни организации и мониторинг-механизми на планот на обуката, заради понатамошно унапредување на професионалноста и стручноста на домашното правосудство, како гарант на начелото на владеење на правото и заштитата на човековите права и слободи. Исто така од посебно значење за ефикасна реализација на обуките и наставните содржини е истражувањето кое го спроведе Мисијата на ОБСЕ со кое беше опфатено целокупното работење на Академијата .Од спроведената анализа беше утврдена огромна поддршка за работата на Академијата односно 88% од испитаниците ја поддржале досегашната работата, но исто така беа дадени и насоки за подборување како во однос на содржините кои се третираат во рамки на програмата за континуирана едукација така и во однос на програмата за почетна обука. Интересен е податокот дека испитаниците сметаат дека треба да се подигнат критериумите за влез во Академијата, како  и да се воведат и посебни критериуми за стручните соработници од судовите и обвинителствата.  Увидот во годишните извештаи за работа на судовите и обвинителствата овозможува да се лоцираат областите во кои има најголема потреба од обука, потоа се земаат предвид и промените во материјалното и процесното законодавство, сумираните резултатите од евалуацијата на прашалниците и предлозите од предавачите.

Во рамките на унапредувањето на програмите за едукација, посебен акцент ќе се стави на обуките за практична примена на правото на ЕУ, на меѓународното право, особено конвенциите, со фокус на примената на Европската конвенција за човекови права, на подигнување на нивото на способностите за правно образложување и правно аргументирање на одлуките и техниките на пишување на истите и за користење на стандардите на ЕСЧП при аргументација на одлуки.

Подобрување на системот на подготовка и организација на континуираната обука е еден од приоритете на Академијата за 2020 година. Заради зголемување на ефикасноста на обуката, Акдемијата ќе продолжи со употреба на стандардизираните обрасци на програмите за обуките и воведување постојани едукаторски тимови кои ќе развиваат материјали за обука за посебни области заради ефикасност на обуките. Подобрувањето ќе се однесува и на изготвување на материјалите за обука при што ќе се води сметка за собирање и анализа на јуриспруденцијата, на применети научни трудови и други корисни публикации наменети за учесниците на обуките.

Во насока на унапредување на вклученоста на судската практика во наставните планови на Академијата, ќе продолжи практиката на организирање тркалезни маси со учество на Врховниот суд на РСМ и на апелациските судови за разгледување одделни прашања од кривичната и граѓанската област, заради изедначување на судската практика во однос на истите. За таа цел, од големо значење е учеството на предавачи од судовите и од обвинителствата од овие повисоки инстанции за презентација на судската практика и за изработка на квалитетни наставни материјали.

Од особено значење во иднина ќе биде соработката со двата совета во правец на утврдување на индивидуалните потреби на секој судија и обвинител за обука и за усовршување, особено со оглед на резултатите од годишната евалуација и оцена на нивната работа, а заради унапредување на нивните знаења во оние сегменти каде што има потреба од подобрување на квантитетот и квалитетот на работењето.

Понатаму ќе се унапредува веќе воспоставената практика на заеднички обуки со другите правни професии, како и со сите целни групи кои ги спроведуваат законите од обласа на правосудството, со адвокати, нотари, медијатори, извршители, со претставниците од Министерството за правда, со Царинската управа, со Управата за јавни приходи, со ДКСК итн. Истовремено, ќе продолжи и соработката со меѓународните организации кои ја имплементираат меѓународната регулатива, каде што Репбулика Северна Македонија е потписник. Таков успешен пример е соработката со Енергетската заедница со која се предвидени идни активности во однос на усогласување на ЕУ-легислативата за енергетика со националните закони.

Исто така, во насока на унапредување на континуираната обука, во текот на 2020 година во план е да се преземаат следните активности:

- *Унапредување на системот за процена на потребите за обука* (со помош на сите чинители во правосудството, особено со учество на повисоките судови и обвинителства во дизајнирањето на потребите за обука, кои ќе произлезат од конкретните потреби со оглед на бројот на предметите, бројот на укинатите и преиначени одлуки во одделна област итн., и преку автоматизација на оценувањето на потребите за обука преку онлајн-прашалници и софтвер за нивна обработка).
- *Унапредување на системот за контрола на квалитетот на обуките*; собирање компаративни искуства од другите тренинг-институции за системот на оцена на ефикасноста на обуките и избор на најадекватен модел со оглед на националните состојби во правосудството, заради воведување прашалници за оцена на ефектот од обуките и автоматизирање на истото, преку онлајн-прашалници и софтвер за нивна обработка).
- *Изработка на методологија за оценување на успешноста на почетната обука* со оглед на развојот и прогресот на завршените и избрани кандидати за судии и јавни обвинители.
- *Развивање и унапредување на модулите за обуки на обучувачи, за предавачите и менторите*, во насока на унапредување на наставната методологија и квалитетот на наставните материјали, во согласност со најновите концепти на модерните школи за обука во Европа.
- *Развивање на системот за е-учење* за судиите, јавните обвинители, судската и јавнообвинителската администрација;
- *Зголемување на бројот на едукатори по региони*, особено од редот на судиите и обвинителите од повисоките инстанции.
- *Здружување за заеднички активности со другите академии од регионот*, размена на експерти, остварување на заеднички тематски активности.

- *Изнаоѓање и ангажирање во проекти* за развој на капацитетите на Академијата за вршење аналитичко истражувачки работи за потребите на правосудството;

- *Понатамошно јакнење на соработката со сродни странски институции и мрежи* и создавање услови за подолготрајни студиски престои на судиите и јавните обвинители и извршување практика во ЕСЧП во Стразбур и ЕСП во Луксембург;.

- *Понатамошно унапредување на воспоставената соработка на Академијата со коморите на адвокатите, извршителите, нотарите и др*. (медијаторите и стечајните управници) заради хармонизирање на некои од наставните планови и курсеви кои ги опфаќаат целните групи од правосудството и членовите на наведените комори.

- *Подобрување на наставните планови и програми за континуирана обука* на судиите и јавните обвинители со фокус на теми што се од значење за *практиката*, изучување на судската практика како извор на правото, особено практиката на ЕСЧП, аргументација на пресудите, вештините неопходни на судењата (техники на испитување, вклучително и техниките за соработка со деца, професионална етика, психологија).

- *Проширување и подобрување на наставните планови и програми* за континуирана обука на *судската и јавнообвинителската администрација.*

- Спроведување на проект за начинот на *правната аргументација на судските одлуки.*

- Воведување *континуирани обуки* за усовршување на вештините на сите *целни групи на Академијата за ИТ*.

**-** Подготовка на програми за обуки за *комуникациски вештини со јавноста и медиумите* за назначените портпароли во судовите и во обвинителствата.

- Унапредување на програмата за *раководните структури во судството и обвинителството* со фокус на суштинските прашања за раководењето со правосудните институции, *управување со работата, етички и дисциплински прашања, буџетско, материјално и финансиско работење.*

Од особена важност ќе биде зголемувањето на бројот на обуки и подготовката на материјали за истите, од областа на европското, меѓународното право и посебно од областа за човековите права и праксата на двата најголеми Европски судови. Заради постигнување висок квалитет на овие обуки, Академијата ќе настојува и во иднина да обезбедува поголем број странски предавачи од овие области од највисок ранг (судии и јавни обвинители, судии на меѓународните судови, угледни професори, но и истакнати експерти од соодветната област).

Заради ефектуирање на стекнатите знаења и искуства за време на студиските престои и конференции во странство, од учесниците на тие настани ќе се очекува повратно да ги презентираат научените лекции и компаративните искуства за нивна поширока презентација на домашното правосудство и со цел што поширок круг лица да имаат продобивки од добиените материјали и знаења.

## 6. Соработка со домашни и странски партнери

Во рамки на меморандумот за соработка со Здружение на новинари, планирано е одржување на Работилници за унапредување на знаењето на новинарите и субјектите во правосудството во областа на вербалните деликти, на новите трендови во говорот на омраза и на мерките за нивна превенција како и за дигиталната безбедност.

Во врска со склучениот меморандум за соработка со Меѓународниот институт за кривична правда и човекови права од Сиракуза (Италија), во 2020 година ќе продолжи спроведувањето на активностите опфатени со меморандумот.

Академијата ќе ја продолжи и ќе ја унапредува и понатаму соработката со сите институции со кои непосредно соработува, особено со Врховниот суд на РСМ, Јавното обвинителство на РСМ, Судскиот совет на РСМ, Советот на јавните обвинители на РСМ и Министерството за правда, Здружението на судиите и Здружението на јавните обвинители, Здружението за кривично право и криминологија, Здружението на новинарите и Македонската асоцијација на новинарите и со граѓанските организации и цивилното општество. Од особена важност ќе биде и унапредувањето на соработката со Вишиот управен суд, Управниот суд и со апелациските судови и вишите јавни обвинителства, во насока на успешна реализација на децентрализираната обука и спроведување тркалезни маси за унапредување на усогласувањето на судско-обвинителската практика.

Академијата континуирано ги следи мислењата и препораките на Венецијанската комисија во однос на сите нови закони кои се донесени во нашата држава, па во согласност со ова ги приспособува програмите на Академијата за почетна и континуирана обука.

Ќе се развиваат и унапредуваат специјализираните програми за обука на судовите од повисоките инстанции - тркалезни маси за апелациските судови и Врховниот суд на РСМ, за вишите јавни обвинителства, за Јавното обвинителство на РСМ и за Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, за Вишиот управен суд, за Управниот суд, за Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и за Судско-буџетскиот совет.

Преку организирање заеднички и мултидисциплинарни обуки, со учество на предавачи и учесници од соодветни профили, ќе продолжи соработката со Адвокатската комора, со Нотарската комора, со Комората на извршители, со Комората на медијаторите и со другите институции, професионални организации, првенствено со Здружението на судиите и со Здружението на јавните обвинители на РСМ и со невладиниот сектор, со кои судиите и обвинителите остваруваат соработка на планот на спроведување на одделните закони.

Истовремено, Академијата ќе работи на реализација на обврските од склучените меморандуми со голем број домашни институции, како Центарот за обука при МВР на РСМ, Управата за јавни приходи, Комисијата за заштита од дискриминација, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и другите министерства, државни инстититуции, Правните факултети, заради промовирање на

улогата и дејноста на Академијата во избор на професијата и за привлекување на најдобрите студенти во правосудната професија.

Во согласност со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2016-2020), во текот на 2020 година, во делот на домашната соработка, Академијата ќе работи на реализација на следните активности:

- Успешно ќе соработува со сите судови, обвинителства и високообразовни институции, во насока на подобрување на квалитетот на целокупниот правосуден систем.
- Ќе ги согледува, преку разните обуки и други видови соработка, разликите меѓу законите и нивната применливост во праксата и ќе настојува континуирано да се предлагаат препораки за нивно унапредување.
- Ќе бара изработка на истражувачки и аналитички трудови кои ја дефинираат разликата меѓу праксата и законските акти, со препораки за нивно унапредување.

Како резултат на добрата соработката помеѓу Академијата и Државниот завод за ревизија на РСМ, Државниот завод за спречување корупција на РСМ и Транспаренци Интернешнл во 2020 година предвидена е реализиацијa на низа активности опфатени со 3. проектни компоненти: спроведување анализа за тренинг-потреби на обвинителите и судиите и вметнување на новините во веќе постоечките курикулуми кои би биле и дел од испитните прашања во рамки на почетната обука; изготвување на материјали за обука поврзани со работата на ДКСК (кривични дела, корупција, праксата на другите судови); изготвување на материјали за обука за извештаите на ДЗР и изготвување на материјали поврзани со кривични дела од областа на финансирање на политичките партии. Исто така се работи и на реализација на онлајн-обуки посветени на темите во рамките на овој проект, како и едукативни настани поврзани со судски случаи на укажувачи, економски аспекти на корупција, трошење на јавни пари итн.

Во 2020 година ќе се продолжи и со континуирана обука на судските и јавнообвинителските службеници, во согласност со тригодишна рамковна програма и со подготовка на Годишен каталог за обука за овие целни групи, изработен во тесна соработка со Здружението на судска администрација, со Советот на судската служба и со Јавното обвинителство на РСМ, при изборот на предавачите и темите.

Академијата со особено внимание и во 2020 година ќе го следи развојот и унапредувањето на соработката со другите школи, во сите сегменти од заеднички интерес, а особено преку размена на законски и подзаконски акти, размена на учесници, предавачи, ментори, испраќање судии и јавни обвинители на студиски посети, особено преку обезбедување можност за подолготрајни престои во Европскиот суд за човекови права.

- **Во текот на 2020 година продолжува воспоставената соработка со странските партнери и проекти во насока на организирање обуки на разни теми од правни области:**
    - Советот на Европа; WINPRO; iPROCEED; DCAF; Европскиот институт за судии и правници од Луксембург - ЕИПА; Мисијата на ОБСЕ во Скопје; Германската

фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ; КПМГ; Регионалниот совет за соработка (RCC).

- ОПДАТ; Амбасадата на САД во Република Северна Македонија; УНИЦЕФ; USAID/FACTORTRUST; УНХЦР, Инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската Унија.
- Амбасадата на Р. Франција.

- **Стратегија за Југоисточна Европа 2020, Регионален акциски план за димензијата правда**

Академијата за судии и јавни обвинители е вклучена во активности од Регионалниот акциски план за димензијата правда од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, во чии рамките е предвидена Регионална конференција за формирање регионална мрежа на институции за обука на судии и јавни обвинители.

- **Германско друштво за меѓународна соработка – ГИЗ**

Во рамки на соработката со ГИЗ, остварена е средба со нивни претставници на која се утврдени низа активности кои треба дополнително да се дефинираат во втората половина на 2020 година.

–

- **Совет на Европа**

Академијата ја продолжува соработка со Советот на Европа и ЕУ преку реализација на активностите опфатени со проектот: Слобода на изразување и Слобода на медиумите во Југоисточна Европа- JUFREX 2, ЕУ/СОЕ: Хоризонтал Фасилити за Западен Балкан и Турција 2. Во согласност со предвидената проектна рамка во тековната 2020 година ќе се реализираат следните активности:

- Ќе биде надграден и модифициран Меѓународниот прирачник за обука на обучувачи за слобода на изразување и медуми. Истиот ќе биде преведен на локалните јазици и адаптиран на националниот контекст, а потоа ќе биде инкорпорирани во националната верзија.
- Ќе се реализира дводневна обука за обучувачи на тема слобода на изразување која ќе биде спроведена од странски експерт.
- Во рамките на ХЕЛП Програмата ќе се реализира онлајн-курс за заштита на новнираните, слобода на изразвување и обука за обучувачи за слобода на изразување наменета за идните тутори. Последната фаза ќе опфати реализација на 3 каскадни обуки посветени на слободата на изразување и слободата на медиумите кои ќе бидат спроведени од страна на национални експерти кои беа опфатени со претхондите обуки и истите ќе бидат надополнети со онлјан-курсевите на ХЕЛП кои беа претходно

подготвени. Со овој проект покрај судиите и јавните обвинители ќе бидат опфатени и адвокатите како и професори од Правниот факултет при УКИМ.
- Предвидена е реализација и на регионална конференција за правосудството која треба да се одржи во Тирна, Албанија, а исто така, на иницијатива на Советот на Европа во рамки на проектот JUFREX 2, а во соработка со Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) предвидена е реализација на онлајн-работилница на тема клевета и навреда со која ќе бидат опфатени новинари, адвокати и судии кои постапуваат во оваа област.

- **ХЕЛП-програма**

Академијата активно учествува во HELP-програмата, чија цел е интегрирање на ЕКЧП и јуриспруденцијата на ЕСЧП во редовните програми за обука на судиите и јавните обвинители во сите 46 земји членки. Од особено значење во рамките на оваа Програма е што Академијата започна со дизајнирање на македонска веб-страница за далечинско учење за оваа област. Академијата, истовремено ќе биде активно вклучена во реализација на онлајн-курсевите со ХЕЛП-програмата на Советот на Европа, кои во 2020 година ќе бидат насочени кон слобода на изразување и слободата на медумите.

Во 2020 година, АСЈО продолжува со реализација на бројни активности кои се однесуваат на обуки за човековите права преку користење на ХЕЛП-алатките за електронско учење на Советот на Европа. Во таа смисла, во фаза на адаптација од почетокот на 2020 година е курсот „Сопственичките права и ЕКЧП“ кој се предвидува да биде импплементиран за група судии кои работат на граѓанска материја од сите четири апелациони подрачја во земјата. Истовремено, во овој курс е предвидено да бидат вклучени како учесници и стручни судски соработници, како и слушатели од претходната генерација на АСЈО. Курсот ќе биде имплементиран почнувајќи од месец март 2020 година.

Од есента 2020 година се очекува да биде реализиран и ХЕЛП-курсот кој се однесува на „Процедуралните гаранции во кривичните постапки и правата на оштетените“ кој првенствено ќе биде наменет за судии кои работат на кривична материја од сите четири апелациони подрачја во земјата, и кој во себе инкорпорира релевантни стандарди во оваа сфера кои се воспоставени не само во ЕКЧП и праксата на Судот во Стразбур, туку и на ниво на правото на Европската унија. Паралелно, со имплементацијата на ХЕЛП-курсевите како дел од континуираната обука, АСЈО интензивно работи на постепено воведување на електронските курсеви и во програмата за почетна обука на новата генерација слушатели на АСЈО. Веќе со почетокот на следење на настава пролетта 2020 година, истите би отпочнале со ХЕЛП-курсот за „Вовед во Европската конвенција за човекови права и Европскиот суд за човекови права“ кој се очекува успешно да заврши пред летото. За есенскиот период предвидено е реализирање на уште најмалку еден ХЕЛП-курс од граѓанската и/или кривичната материја со што ќе се овозможи продлабочено стекнување на знаења од областа на европското право за човековите

права, кои би можеле во иднина да бидат и практично применети во работата на идните судии и обвинители. Сите планирани курсеви ќе бидат приспособени на националниот правен контекст од страна на избрани тутори кои веќе се имаат здобиено со ХЕЛП-сертификат по завршувањето на обуките за обука на тутори. Курсевите се спроведуваат по елетронски пат во период од приближно 2 месеца, тие се интерактивни и се состојат од низа богати содржини, вклучително и тестови, мини-квизови и студии на случај како алатки за проверка на знаењето во текот на курсот. По успешното совладување на курсот секој учесник се стекнува со ХЕЛП-сертификат кој заеднички го издаваат АСЈО и Советот на Европа.

Исто така, во соработка со ХЕЛП-програмат во 2020 година предвидена е и реализација на онлајн-курс за борба против трговија со луѓе кој ќе биде спроведен од страна на националните тутори кои веќе се стекнале со сертификат по завршување на обуките за обука на тутори.

- **DACF**

Во 2020 година Академијата, ги продолжува своите активности во рамките на соработката со DCAF. Имено, во согласност со иницијалните договорени клучни поенти е реализација на следното: изработка на предметна програма/курикулум за обуки за континуирано образование за судии и јавни обвинители; изработка и промоција на Прирачник за обучувачи; организирање на обука за обучувачи; вклучување на обуките за континуирано образование во каталогот за континуирана обука на Академијата; вклучување на обуки за имплементирање на мерките за следење, на мерките за следење на комуникации во програмата за регуларно обучување на слуштелите за судии и јавни обвинители; организирање на еднодневни или дводневни обуки за континуирано образование; организирање 3 настани за промоција на Прирачникот за апелациони подрачја.

- **ЕИПА** - Европскиот институт за судии и правници од Луксембург, ќе ја продолжи соработката со заеднички обуки со нивни експерти на одделни теми од правото на ЕУ, како и со обуки за јакнење на капацитетите на Академијата, особено со обуки на следните теми: конфискација, меѓународни спорови и медијаци, а истовремено предвидена е и реалзиација на студиски посети. Исто така ќе продолжи и учеството на судии и јавни обвинители на обуки во Луксембург во рамки на Отворениот каталог за обуки на ЕИПА, без котизација со целосна финансиска поддршка на ЕИПА.

- **iPROCEEDS 2- Регионален Проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет**

Во 2020 година продолжува соработката со Регионалниот проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет со отпочнување на нов

проект во чии рамки ќе се реализираат нови проектни активности посветени на компјутерски криминал кои ќе бидат дополнително дефинирани во тековната година.

- **TWINNING-проект за јакнење на институционалните капацитети на истражувачките центри**

Академијата за судии и јавни обвинители како дологодишен партнер на телата на ЕУ преку кои се реализираат голем број проекти од суштинско значење за правосудството ќе биде вклучена и во реализацијата на овој проект. Имено, во заедничка соработка со проектот и релавантните институции предвидено е да се организираат 8 обуки со кои ќе бидат опфатени јавните обвинители, ексепрти, истражители и релвантни претставници на Министерството за внатрешни работи. Реализацијата на овие обуки е предвидено да започне во месец април 2020 година. Во следниот период предвидени се 6 обуки за истражителите и за јавните обвинители посветени на финансиските истраги и посебните истражни мерки, додека до крајот на 2020 година предвидено е да се реализираат и 6 обуки за конфискација и одземање на имотна корист. Активностите ќе продоложат и во 2021 година со реализиација на 6 обуки со кои ќе се обработуваат кривичните дела поврзани со јавните набавки, меѓународните трансакции, паричните текови на интернет и перењето на пари, а истите ќе бидат наменети за истражителите. Завршниот две дводневни обуки ќе бидат посветени на кривични дела во кои се појавуваат и заштитени сведоци, а истите ќе бида во линија со препораките на WINPRO-проектот.

- **КПМГ**

Во 2019 година Академијата успешно ги реализираше предвидените активности во соработката со КПМГ. Во таа насока, во тековната 2020 година Академијата повторно ќе ја продолжи соработката со КПМГ при што ќе бидат релаизирани семинари посветени на најновите измени во даночната регулатива и импликациите врз финансиското известување, како и очекуваните позначајни промени во областа на работните односи и заштита на личните податоци.

- **ЦПИА – Центар за правни истражувања и анализи**

Во 2020 година Академијата во соработка со Центгарот за правни пребарувања и анализи (ЦПИА) со поддршка на Амбасадата на Велика Британија, повторно ќе ги организира средбите посветени на хармонизацијата на судската пракса на четирите апелациони судови и ВСРСМ. Имено, на средбите кои генерално се наменети за претседателите на судовите ќе се дискутира во однос на поднесените правни прашања од кривична и граѓанска област. Во согласност со предвидената динамика ќе бидат организрани 5 средби по апелациони подрачја.

Во рамките на соработката со ЦПИА во 2020 година продолжуваме со организација на редовни, периодични работни средби на судиите и претседателите на

четирите апелациони судови и Врховниот суд на Република Северна Македонија за хармонизирање на судската практика.

- **Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – одделот за владеење на правото**

Планираните активности во рамки на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2020 година ќе се реализираат преку настани посветени на повеќе теми од областа на правото. Во првиот квартал од 2020 година предвидени се обуки посветени на новиот Закон за правен спор кој треба да стапи на сила оваа година. Во насока на навремена подготовка на судиите од Управниот и Вишот управен суд за примена на одредбите од Новиот закон, ќе бидат организирани 2 тридневни обуки. Во рамки на соработката со ОБСЕ/Виена предвидена е организација на напредени обуки за судиите и јавните обвинители посветени на темите: конфискација и одземање на имотна корист кои би се одржале во септември-октомври 2020 година. Исто така, планирана е и реализација на обуки посветени на конфискацијата и одземениот имот, при што покрај странските предавачи излагања ќе имаат и национални судии и јавни обвинители кои имаат практични искуства во постапување по предмети од оваа област.

Дополнителните активности кои беа предвидени да се дефинираат во почетокот на 2020 година, но истите беа одложени поради пандемијата ќе бидат прецизирани веднаш штом се создадат услови за тоа.

- **УНХЦР**

Во рамки на долгогодишната соработка со Канцеларијата на УНХЦР во Скопје, во правец на јакнење на капацитетите на управното судство и другите релевантни институции во Република Северна Македонија, за правилно разбирање на правото за бегалците и принципите на азилот и потикнување на развојот на домашната управна и судска пракса во потполна согласност со владеечките меѓународни правни стандарди, продолжува реализиацијата на заеднички активности и во 2020 година со кои повторно ќе биде опфатено Правото и праксата во заштитата на бегалците и други едукативни содржини гледани низ призма на моменталната глобална криза. Во 2020 година правпат од страна на УНХЦР на платформата за учење на далечина е поставена обука на тема „Програма за изучување на основните за имиграциско здружување“.

- **Амбасада на САД во Република Северна Македонија**

Во текот на 2020 година, во соработка со Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, предвидено е да се одржат тематски обуки поврзани со повеќе

правни актулени теми кои во голем дел ќе се реализираат преку онлајн-платформата. Имено, Амбасадата на САД и Академијата во 2019 година започнаа со реализација на една мошне креативна веб-страница која по многу нешта се разликува од повеќето институционални веб-страни и портали, а во центарот на овој концепт се најде унапредувањето и доусовршувањето на платформата за учење на далечина. Денес, придобивките од оваа активност се многубројни, но најзначајно од сѐ е тоа што во 2020 година Академијата има можност да се усогласи со условите кои ги наметнаа глобалните препораки за непречено функционирање во време на пандемија. Предвидено е во правата половина на 2020 година да се реализираат првите пилот-обуки сѐ со цел да се тестираат новите алатки кои се воведоа со создавањето на новата веб-страница. До крајот на годината Академијата и Амбасадата на САД ќе се фокусираат на реализација на повеќе активности со користење на платформата за учење на далечина, Платформата за учење на далечина ќе биде користена и за реализација на наставните содржини од програмата за почетна обука, а истовремено во рамките на оваа соработка ќе бидат организирани и часови за изучување на англиски јазик повторно со користење на можностите кои ги нуди овој систем. Во тековната 2020 година предвидено е одржување на часови по англиски јазик од страна на експерт од САД. Преку ОПДАТ-програмата на Амбасадата на САД во тековната година ќе бидат реализирани онлајн-обуки на следните теми: меѓународна правна помош, права на жртвите во кривичната постапка во праксата на ЕСЧП, презумција на невиност во праксата на ЕСЧП и етика за судии и јавни обвинители. Останатите активности ќе се реализираат во согласност со динамиката која ќе биде усогласена со условите кои ќе бидат наметна поради кризата со вирусот COVID 19.

- **ИРЗ - германската фондација за меѓународна правна соработка**

Во рамките на соработката со ИРЗ, за 2020 година предвидени се повеќе обуки наменети за претседатели на судови, шефови на судски совет, шефови на јавни обвинителства, членови на Советот на јавни обвинители и на Судскиот совет, службеници на јавни обвинителства и судови, адвокати. Исто така ќе се продолжи и со праксата за праќање на судија во Германија, да учествува на двонеделна Програмата за размена на судии од граѓански и трговски оддели од повеќе земји. Во рамките на оваа соработка ќе се рализираат и онлајн-обуки на актуелни теми од областа на правото.

- **Инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при европската комисија на Европската Унија**

Академијата и во 2020 година ја продолжува соработката со TAIEX во чии рамки се изготвени 9 апликации посветени на темите: Постапување и извршување по одлуките на ЕСЧП; Меѓународна соработка во кривична материја- екстрадиција со практични примери (различни аспекти); Форензички истраги и најдобрите практики на ЕУ (примена

на нови научни методи); Поништување на штетни договори и постапката на Арбитражниот суд во Париз; Постапка за утврдување дисциплинска одговорност на судија во земјите на ЕУ (позитивни искуства и практики); Постапките за јавни набавки во ЕУ и улогата на OLAF; Искуства на државите во ЕУ во постапките на враќање пари стекнати со корупција (механизми на примена);Праксата на ЕСЧП во однос на пресуди од работен однос со акцент на дискриминацијата; Заштита на деловната тајна во меѓународното право, за кои се чека одобрување и нивна реализација преку организирање на обуки во кои ќе бидат вклучени и странски експерти кои ќе ги презентираат искуствата и праксата на земјите членки на ЕУ во согласност со европската легислатива и меѓународните стандарди.

Во текот на 2020 година ќе се спроведат и две обуки во согласност со одобрени апликации во 2019 година на тема „Член 8 од ЕКЧП- Право на почитување на приватност и сеемен живот и заштита на правата на обвинетиот согласно директивите на ЕУ“.

- **Амбасада на Кралството Холандија**

Во рамки на соработката со Амбасадата на Кралството Холандија и Правосудната академија на Холандија во 2020 година предвидено е да се реализираат повеќе активности кои се насочени кон размена на искуства во однос на структурата и функционирањето на академиите, менаџирањето и раководењето на истите, човечките ресурси - предизивици и слабости, ефикасни начини и позитивни решенија за надградување на програмите за почетна и континуирана обука, како и можни посети на двете Академии, чија реализација поради глобалната криза со COVID 19 се под знак прашалник. Исто така во рамки на соработката со Амбасадата на Кралството Холандија, Институтот за медијација на Холандија и Комората на медијатори на РСМ предвидена е реализација на проект кој треба да започне во септември 2020 година, со времетраење од една година во чии рамки ќе се реализираат обуки наменети за судиите и за јавните обвинители кои постапуваат во предмети каде се применува правниот институт медијација.

- **Амбасада на Република Франција**

Продолжува неколкугодишниот договор и во 2020 година, за соработка во областа на правосудството, соработка со Националната школа за магистрати, во почетната и континуираната обука (ЕНМ), за часови по француски јазик, за унапредување на капацитетите на правосудните институции во земјата преку организација на обуки за актуелни теми од областа на правото, за учество на кандидатите од почетна обука на натпревари во организација на Француската амбасада и Државната правосудна академија ЕНМ, за размена на кандидати од двете правосудни институции, за обуки на селектирани теми и стаж во ЕСЧП од страна на националните судии. На почетокот на 2020 година, Академијата повторно беше домаќин и овозможи реализација на стаж на еден кандидат од ЕНМ кој имаше можност да се запознае со правосудниот систем на Република Северна Македонија, преку посета на правосудните

институции. Исто така, предвидена и посета на Академијата за судии и јавни обвинители од страна на преставници на ЕНМ, како и посета на ЕНМ од страна на слушателиет на почетна обука на Академијата.

- **EJTH**

Европската мрежа за обуки во правосудството (EJTH) е главна платформа и промотер за обука и размена на знаења за европското судство. EJTH ги претставува интересите на над 120.000 европски судии, обвинители и судски тренери ширум Европа.

Соработката помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Европската мрежа за судска обука (EJTH) започна во 2007 година кога Академијата се стекна со статус на набљудувач. Од тој момент до денес Академијата е вклучена во сите активности и програми на EJTH. Првите две години учеството на Академијата не предизвикуваше финансиски импликации, но потоа од страна на EJTH беше одлучено дека на ваков начин може да партиципраат само земјите членки на ЕУ.

EJTH развива стандарди за обука и наставни програми, ги координира разменувањата на програмите за обука на судството, дистрибуира експертиза за обуки и промовира соработка помеѓу институциите за обука на судството на ЕУ.

Во 2020 година Академијата во соработка со EJTH го објави Каталогот на обуки за судиите и јавните обвинители на својата веб-страница и како ќе бидат отворени можностите за пријавување од страна на EJTH така Академијата ќе го врши процесот на аплицирање за сите кои ќе пријават интерес. Исто така, од страна на EJTH, Академијата доби покана да ги вклучи судиите од РСМ на првата онлајн-обука посветена на менаџирањето на судовите во време на пандемија.

- **Совет за регионална соработка (RCC)**

Академијата и во 2020 година ќе ја продоложи соработка со Советот за регионална соработка RCC. Предвидено е учество на сите состаноци и настани кои се организират во рамките на оваа соработка, а на кои се разгледува поврзаноста на правосудните академии во Европа, владеењето на правото, содржините на програмите, развојните фази на истите, како и разгледување на идни можности за усовршување на методологиите со што директно ќе се влијае на унапредувањето на вештините и знаењата на правните практичари.

- **Турска агенција за координација и соработка во Република Северна Македонија – ТИКА и Правосудната академија на Република Турција**

Во рамки на долгогодишната успешна соработка со ТИКА и Правосудната академија на Република Турција, во текот на 2020 година предвидена е реализација на активностите кои беа договорени на одржаните состаноци во 2019 година помеѓу претставниците на горенаведените институции и Академијата. Планирани се студски посети за размена на искуства помеѓу правните практичари на двете земји, пристап до

законските и подзаконските акти со кои е регулирано функционирањето на UYAP-центарот како пример за ефикасно софтверско решение за следење на судските предмети, понатаму предвидена е реализација на посета на Правосудната академијата на Турција од страна на слушателите на почетна обука на Академијата, Исто така, планирани се и предавања од страна на директорот на Академијата и претседателот на Уставниот суд на РСМ во рамки на програмата за почетна обука на тема уставно право, а истовремено од посебно значење за правосудниот систем на нашата држава ќе биде и одржување на обуки во соработка со експерти по уставно право од Република Турција кои ќе ги пренесат своите искуства во постапување по основа на уставно тужба/жалба.

- **Хелсиншки комитет за човекови права**

Хелсиншкиот комитет за човекови права од декември 2019 година започна со спроведување на втората фаза од проектот „Зајакнување на механизмите за заштита против говорот на омраза“ финансиран од страна на National Edowment for Demcoracy (NED), и во рамките на овој проект во соработка со Академијата во 2020 година ќе се реализират 3 дводневни обуки за судии и јавни обвинители на тема говор на омраза.

- **AIRE Центар Лондон и Регионалната иницијатива за антикорупција РАИ**

Во рамки на соработката со AIRE центарот од Лондон и Регионалната иницијатива за антикорупција РАИ и Владата на Велика Британија и во текот на 2020 година ќе продолжи реализацијата на заедничките активности посветени на актуелни темии како што се корупцијата и одземањето на имотната корист.

## 7. Информатички технологии (IT)

Приоритети во однос на сегментот информатички технологии во 2020 година ќе бидат:

- Унапредување на новата веб-страна, со што би имало полесен пристап до ифнормациите со кои располага Академијата и нејзин модерен изглед. Во 2020 година Академијата ќе продоложи со зголемувањето на видливоста на работата на Академијата преку споделување на информации не само на веб-страницата туку и на социјалната мрежа Фејсбук.

Системот за електронско учење и негова целосна имплементација во голема мера го поедноставува процесот на учење бидејќи пристапот до обуката и до материјалите за обука е полесен и пофлексибилен. Исто така, значително ги намалува трошоците за обуките бидејќи системот за електронско учење ќе биде важен дел од стратегијата на Академијата и за децентрализираната обука. Брзиот пристап до различни видови електронски обуки и материјали се очекува да резултира со успешно завршени виртуелни предавања, без притоа да предизвика дополнителен напор во секојдневната работа на судиите и јавните обвинители. Академијата организира и

спроведува домашни и меѓународни конференции, тркалезни маси, семинари, студиски програми за стручни посети и сл., при што за нивно реализирање секојдневно се користат лаптопи и ЛЦД-проектори. Посебно со новонаметнатите услови создадени со ширењето на COVID 19, онлјан-платформата ќе има централно место во реализрањето на поголемиот дел од активностите на Академијата за 2020 година.

## 8. Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата

Академијата како модерна и професионална институција посветува посебно внимание на транспарентното работење и за таа цел, ќе продолжи редовно да ја одржува редизајнираната веб-страница преку која се влегува во новиот веб-портал на Академијата. Корисничкиот интерфејс им овозможува побрз и полесен пристап до содржината на веб-страницата на сите заинтересирани граѓани, но истовремено нуди и објавување поголем број информации.

За таа цел во тек е изработка на нов дизајн на веб-страницата чиј изглед и структура ќе биде модерен и софистициран, која ке претставува медиумски простор за афирмација на Академијата и нејзината суштина.

Веб-страницата и во иднина ќе биде медиум за објавување на сите позначајни активности, но и за пристап на сите заинтересирани во е-системот, е-учењето и е-библиотеката. Исто така, со интегрирање на базата на податоци од библиотеката, веб-страницата овозможува многубројни материјали во електронска форма, како и влез до онлајн-ресурси на други институции.

Новиот изглед и структура на веб-страницата на Академијата претставува примарен медиум за нејзино претставување.

Веб-страницата вклучува и линкови на веб-страниците на домашните и на странските институции со кои Академијата соработува и чија дејност и практика е од значење за правосудната област.

За зачувување на современиот изглед и содржината на веб-страницата, неопходно ќе биде и во текот на 2020 година нејзино секојдневно одржување, навремено објавување на сите тековни и идни настани, како и на важечки домашни и меѓународни прописи.

## 9. Библиотека

Академијата води постојана грижа за збогатување на библиотечниот фонд со домашна и странска правна литература и стручни списанија, како и за набавка на законски текстови во согласност со тековните измени, а особено за развивање на богата референтна литература за одделните модули со референтните директиви и регулативи

на ЕУ, пресуди на Судот на правдата во Луксембург и Европскиот суд за човекови права, референтните документи на Советот на Европа и Обединетите нации.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап на стручната јавност до што поголем број информации од областа на правото и пристап до правните системи на земјите од Европа и светот, библиотеката на Академијата ќе продолжи со континуирано објавување на својата веб-страница на стручна литература, списанија, и ќе воведе претплата на релевантни бази на литература.

Исто така, во рамки на обезбедување на просторни капацитети на Академијата заради нејзино поефикасно функционирање, истата ќе се залага и за обезбедување на соодветна просторија која со својата целокупна површина ќе биде трансформирана во библиотека со можност за воспоставување и читална, сè со цел да се излезе во пресрет на барањата на крајните корисници на билиотечниот фонд на Академијата.

## 10. Буџет и инвестиции

Што се однесува до буџетот и инвестициите, една од приоритетните инвестициски активности на Академијата е обезбедување адекватен деловен простор кој ќе ги задоволува потребите за непречено и ефикасно реализирање на програмите за обука, како за почетната така и за континуираната обука.

И во наредниот период Академијата ќе ги извршува своите финансиски и буџетски активности во согласност со законските прописи од оваа област и целосно почитувајќи ги насоките дадени од Судскиот буџетски совет во поглед на реалното планирање на потребните средства, и на ефикасното менаџирање со одобрените финансиски средства.

На Академијата за судии и јавни обвинители за 2020 година ѝ е одобрен буџет во износ од 75.000.000,00денари. Во споредба со 2019 година одобрениот буџет е за 6,3 % помал. Со овие одобрени средства во 2020 година Академијата има обврска да ги намири обврските што се пренесени од 2019 година, како и да ги реализира активностите што ќе се преземат во тековната година.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“